Носител на набавката
Инженеринг МБМ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ
Бр. 0302 – 613
01 · 11 20 24 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP
Бр. / Nr. 01-11-2024 02-7127/1

# Анекс на Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект за детска градинка во Општина Могила

1. Министерство за социјална политика, демографија и млади со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст, „Договорен орган“ од една страна, и
2. Друштво за архитектонски дејности, надзор и инженеринг МБМ АРХИТЕКТИ ДООЕЛ, Скопје, ЕМБС 7098391 со седиште на бул.АСНОМ бр.48 – 2/001, Скопје, претставувано од управителот Блашка Јакимовска Јованова (во понатамошен текст Носител на набавката).

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Анекс врз основа на член 6 од Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со број 02-392/7 од 28.02.2023 година и број на Носителот на набавката 0307-112/1 од 01.03.2023 година и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021).

**Член 2**

Предмет на овој Анекс е изменување на одредбите од Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со број 02-392/7 од 28.02.2023 година и број на Носителот на набавката 0307-112/1 од 01.03.2023 година, за времетраењето на договорот.

Овој Анекс на Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со број 02-392/7 од 28.02.2023 година и број на Носителот на набавката 0307-112/1 од 01.03.2023 година се склучува по претходно доставено барање од Носителот на набавката за продолжување на рокот на договорот со арх.бр.0302-603/1 од 30.10.2024 година и доставено преку архива на Министерството за социјална политика, демографија и млади со бр.10-3652/6 од 30.10.2024 година, поради тоа што рокот на Договорот за изградба на објект за детска градинка во Општина Могила е продолжен со **Анекс на Договор за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со архивски број на министерството 02-3684/1 од 30.04.2024 година**, а согласно член 6 од Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со број 02-392/7 од 28.02.2023 година и број на Носителот на набавката 0307-112/1 од 01.03.2023 година постои оправдана причина за продолжување на рокот на Договорот.

**Член 3**

Во членот 5 ставот 1 од основниот договор се менува и гласи:

„Овој договор е со важност до 01.12.2025 година.“

Останатите ставови од член 5 од основниот договор остануваат непроменети.

**Член 4**

Согласно член 9 од основниот Договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% (десет проценти) од вкупната вредност на Договорот, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот, односно до 01.02.2026 година.

**Член 5**

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

**Член 6**

Овој Анекс на Договорот за услуги за вршење на стручен надзор над изградба на објект за детска градинка во Општина Могила со број 02-392/7 од 28.02.2023 година и број на Носителот на набавката 0307-112/1 од 01.03.2023 година, влегува во сила од ден 02.11.2024 година, со потпишување на двете договорни страни.

**Член 7**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Министер
Fatmir Limani

Управител
Блашка Јакимовска Јованова

Изготвил:Благица Мирчевска, Раководител на одделение
Одобрил: Славица Костовска, Раководител на сектор
Контролирал: Љубица Панова, Раководител на сектор
Согласен: Фатмир Сабриу, Државен секретар